***АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ***

мај, 2019

**Состојба на вработените во АФПЗРР**

- 285 систематизирани работни места
- вкупно 229 вработени + директор и заменик директор
    - 181 вработени на неопределено време (од кои 12 се нови вработени почнувајќи од јануари, 2019 година - 11 работат на ИПАРД и 1 работи во Секторот за ИКТ)
    - 27 вработени на определено време (21 за ИПАРД, 4 во Секторот за ИКТ, 1 во канцеларијата на директорот и 1 во Одделението за буџетска контрола)
    - 21 вработени на договор за дело (за спроведување на Националните програми)
- 118 вработени кои работат на ИПАРД Програмата 2014-2020
    - 97 вработени на неопределено време
    - 21 вработени на определено време

Тековни постапки за вработување

- 7 нови вработувања (постапката треба да се заврши до крајот на мај/почетокот на јуни оваа година)

Планирани постапки за вработување во 2019 година

- 21 нови вработувања (постапката треба да се заврши до јули оваа година)

Унапредувања

- унапредени 21 службеник во 2018 година (од кои 15 во ИПАРД структурата на Агенцијата и 3 во организациони единици кои се поддршка на процесот на реализација на ИПАРД Програмата)
- 3 тековни (постапката треба да се заврши до крајот на мај/почетокот на јуни оваа година) - од овие 2 се директно поврзани со ИПАРД
- 5 планирани за 2019 година (постапката треба да се заврши до септември оваа година)

Административни државни службеници кои ја напуштиле Агенцијата

- во 2018 година, 4 вработени кои работат на ИПАРД ја напуштија Агенцијата (3 помлади соработници и 1 советник). Од јануари 2019, Агенцијата ја напуштија и 2 вработени на неопределено време (помлади соработници од Секторот за контрола на терен и Одделение за управување со човечки ресурси) и еден вработен определено врме (од Одделение за јавни набавки).

Состојба на вработени по организациони единици (ИПАРД структура)

| **Организациона единица** | **Вкупно вработени** | **Вработени на ИПАРД** | **Вработени на неопределно време ИПАРД** (во заграда се новите вработени од јануари, 2019 година) | **Вработени на определно време ИПАРД** |
|---|---|---|---|---|
| Одделение за управување со човечки ресурси | 4 | 4 | 4 (1) | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Сектор за внатрешна ревизија | 8 | 8 | 8 (1) | / |
| Сектор за одобрување на проекти | 42 | 34 | 26 (4) | 8 |
| Сектор за одобрување на испалта | 23 | 16 | 13 (3) | 3 |
| Сектор за контрола на терен | 47 | 21 | 19 | 2 |
| Сектор за финансиски прашања | 19 | 11 | 10 (1) | 1 |
| Сектор за општи и правни работи | 20 | 14 | 9 | 5 |
| Сектор за регистри | 10 | 10 | 8 (1) | 2 |
| **ВКУПНО** | **173** | **118** | **97 (11)** | **21** |

Сектор за директни плаќања – 20 вработени.

Сектор за информатичка и комуникациска технологија – 8 вработени.

Сектор за аналитика и поддршка на директорот – 7 вработени.

**Вкупно: 208 вработени без 21 вработен на договор за дело.**

Обуки - во рамките на Твининг проектот на ЕУ "Понатамошно зајакнување на АФПЗРР и подготовка на Агенцијата за програмскиот период 2014-2020" (Твининг проект број МК 11/PA/AG/01/05), 20 обуки, вклучувајќи и 3 студисики посети, на теми релевантни за ИПАРД беа спроведени во 2016 и 2017 година за околу 120 административни државни службеници во Агенцијата. Мисијата за проверка на овој проект, поддржана од TAIEX (број на настанот TAIEX AGR IND/EXP 66680), предложи серија на TAIEX обуки на теми поврзани со ИПАРД. Точните теми и видови на обуки треба да се достават до Делегацијата на Европската комисија во мај/јуни оваа година.

**Финансиски податоци поврзани со спроведувањето на ИПАРД програмата; особено состојбата со реализацијата на финансиските алокации за 2015 и 2016 година**

Во однос на превземените обврси од склучените договори за финансиска поддршка, согласно роковите за реализација на инвестициите утврдени во самите договори како и од бројот на веќе пристигнатите барања за исплата и извршени исплпати кон крајните корисници, Агенцијата направи индикативна проценка на исплати по квартали за 2019 година а со тоа и проценка на евентуалниот ризик за губење на правото на користење на средствата за финансиските алокации за 2015 и 2016 година. Во прилог табелата за проценка за исплатите во 2019 година.

**Статус со акредитација на мерката рурална јавна инфраструктура**

Во однос на акредитацијата на мерката рурална јавна инфраструктура договорени се следните активности со Националниот фонд и Телото за управување:

- реализација на потребните вработувања за реализација на оваа мерка до јули, 2019 година,
- реализација на основни обуки за оваа мерка (ПРАГ, измами/непревилности итн.) во периодот до септември, 2019 година (во зависност од расположливи стручни лица и средства преку TAIEX инструментот),
- измените на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој – предлог на закон за изменување на наведениот закон е веќе објавен на веб порталот на Владата на РСМ - https://ener.gov.mk/ и
- усогласување на постапките за работа за спроведување на мерката за рурална јавна инфраструктура со забелешките на Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој на Европската комисија до 15.09.2019 година.

Во текот на изминатиот период, АФПЗРР продолжи со евалуацијата на пристигнатите барања од мерката 7 во рамките на првиот објавен јавен повик од ИПАРД Програмата 2014-2020 и склучи договори за финансиска поддршка со сите соодветни барања од мерката. Во моментов, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој има потпишано 901 договори за финансиска поддршка од мерка 1, 31 договори од мерка 3 како и 23 договори од мерката 7.
Вкупната финансиска поддршка за потпишаните договори во рамките на мерка 1 изнесува 10.941.486,68 € (8.206.115,01 € изнесува ЕУ учеството). За мерка 3, вкупната финансиска поддршка на потпишаните договори изнесува 6.621.696,00 € ( 4.966.272,00 €). евра изнесува ЕУ учеството) и за мерката 7 вкупната финансиска поддршка изнесува 4.297.194,64 € (3.222.895,98 € изнесува ЕУ учеството).
По извршената административната проверка, АФПЗРР донесе и 504 решенија за одбивање на барањето за мерка 1, 24 решенија за одбивање за мерка 3 и 164 решенија за одбивање за мерка 7. Треба да се земе во предвид дека број на соодветни барања особено за мерката 1 е поголем од бројот на склучените договори, всушност одреден број на баратели дадоа изјава за откажување од инвестицијата или воопшто не пристапија кон потпишување на договорот по носењето на Решението за финансиска поддршка.
Некомплетирањето на барањата во согласност со испратеното известување за докомплетирање е воедно и најчеста причина за одбивање на овие барања. Дополнително во рамките на мерка 3 и мерка 7 одреден број на барања за финансиска поддршка се одбиени како несоодветни бидејќи барателите не се во рангот на мали и средни претпријатија како и несоодветни бидејќи предложените инвестиции не биле проценети како економски исплатливи.
Главни проблеми во текот на административната обработка на пристигнатите барања останува големиот број на примени барања, недоволниот број на вработени, времето кое е потребно за добивање на референтните цени за инвестициите, голмиот број на контроли потребни за обработка на секое барање итн.

| Мерка | Сектор | Вкупен број на пристигнати барања | Побаруван износ во пристигнатите барања | Број на одбиени барања | Главна причина за одбивање на барањата | Број на потпишани договори( испратени решенија за одобрување на барањето) | Вкупен износ на финансиска поддршка (во евра) на потпишаните договори | Износ на финансиска поддршка (ЕУ учество) на потпишаните договори | Најчести проблеми при административната проверка на барањата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 1368 | 14.889.439,42 € | | Барателот не го дополнил своето барање со потребните документи | | | | Каснење во добивањето на референтни цени, бројот на контроли при проверка на апликацијата (правило за три понуди/повеќе понуди), голем број на пристигнати барања |
| 1 | 2 | 30 | 2.933.227,64 € | | | | | | |
| 1 | 3 | 4 | 163.161,79 € | | | | | | |
| 1 | 4 | 2 | 17.556,15 € | | | | | | |
| **Вкупно** | | 1404 | 18.003.385,00 € | 504 | | 901 | 10.941.486,68 € | 8.206.115,01 € | |

**Информација за доставените барања од јавните повици**

Јавен повик 01/2017

<table>
<tr><th>Мерка</th><th>Сектор</th><th>Вкупен број на пристигнати барања</th><th>Побаруван износ во пристигнатите барања</th><th>Број на одбиени барања</th><th>Главна прилина за одбивање на барањата</th><th>Број на потпишани договори (испратени решенија за одобрување на барањето)</th><th>Вкупен износ на финансиска поддршка (во евра) на потпишаните договори</th><th>Износ на финансиска поддршка (ЕУ учество) на потпишаните договори</th><th>Најчести проблеми при административната проверка на барањата</th></tr>
<tr><td>3</td><td>1</td><td>8</td><td>683.398,03 €</td><td rowspan="7"></td><td rowspan="8">1.Барателот не е во рангот на мали и средни претпријатија<br>2. Барателот не го дополнил своето барање со потребните документи<br>3.Неспоредливи понуди за опрема во поглед на тех. спецификација</td><td rowspan="7"></td><td rowspan="7"></td><td rowspan="7"></td><td rowspan="8">-Голем број на примени празни барања<br>- Времето за добивање на референтни цени за градежниот дел и за опремата значително влијае на процесот на обработка на барањата</td></tr>
<tr><td>3</td><td>2</td><td>12</td><td>3.144.333,53 €</td></tr>
<tr><td>3</td><td>3</td><td>21</td><td>6.836.976,59 €</td></tr>
<tr><td>3</td><td>4</td><td>5</td><td>145.896,92 €</td></tr>
<tr><td>3</td><td>5</td><td>2</td><td>143.098,55 €</td></tr>
<tr><td>3</td><td>6</td><td>8</td><td>2.074.024,77 €</td></tr>
<tr><td>3</td><td>7</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>57</td><td>13.027.728,39 €</td><td>24</td><td>31</td><td>6.621.696,00 €</td><td>4.966.272,00 €</td></tr>
</table>

| Мерка | Сектор | Вкупен број на пристигнати барања | Побаруван износ во пристигнатите барања | Број на одбиени барања | Главна причина за одбивање на барањата | Број на потпишани договори (испратени решенија за одобрување на барањето) | Вкупен износ на финансиска поддршка (во евра) на потпишаните договори | Износ на финансиска поддршка (ЕУ учество) на потпишаните договори | Најчести проблеми при административната проверка на барањата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 1 | 39 | 1.707.838,91 | | Барателот не го дополнил своето барање со потребните документи | | | | Голем број на пристигнати барања |
| 7 | 2 | 20 | 2.617.842,07 | | | | | | |
| 7 | 3 | 35 | 10.866.666,79 | | | | | | |
| 7 | 4 | 5 | 609.063,15 | | | | | | |
| 7 | 5 | 4 | 62.381,44 | | | | | | |
| 7 | 6 | 7 | 1.628.245,59 | | | | | | |
| 7 | 7 | 32 | 6.871.062,09 | | | | | | |
| 7 | 8 | 46 | 18.195.485,10 | | | | | | |
| **Вкупно** | | 187 | 42.558.585,14 € | 164 | | 23 | 4.297.194,64 € | 3.222.895,98 € | |

Агенцијата во 2018 година објави два јавни повици за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 и тоа јавен повик 01/2018 на 30.11.2018 за мерката 3 и јавен повик 02/2018 на 26.12.2018 година за мерката 1.

Во табелите подолу е даден приказ на бројот на пристигнати барања и побараната финансиска поддршка:

Јавен повик 01/18



| Мерка | Сектор | Вкупен број на апликации | Вкупна побарана сума | Бр. на одбиени апликации | Главна причина за одбивање на апликациите | Бр. на контрактирани апликации | Вкупни јавни трошоци на контрактирание апликации | Вкупни јавни трошоци – ИПАРД 2 контрибуција на контрактираните апликации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 1 | 12 | 2.298.133,46 € | 13 | Некомплетни апликации и големина на субјект (СМЕ) | 1 | 90.399,19 € | 67.799,39 € |
| 3 | 2 | 4 | 471.588,75 € | | | 1 | 35.156,00 € | 26.367,00 € |
| 3 | 3 | 30 | 8.860.476,32 € | | | 2 | 224.546,00 € | 168.409,50 € |
| 3 | 4 | 11 | 2.370.642,65 € | | | | | 0 |
| 3 | 5 | 1 | 18.116,95 € | | | | | 0 |
| 3 | 6 | 7 | 1.403.788,06 € | | | | | 0 |
| 3 | 7 | 0 | 0 | | | | | 0 |
| **Вкупно** | | 65 | 15.422.746,18 € | 13 | | 4 | 350.101,19 € | 262.575,89 € |

Јавен повик 02/18

| Мерка | Сектор | Вкупен број на апликации | Вкупна побарана сума | Бр. на одбиени апликации | Главна причина за одбивање на апликациите | Бр. на контрактирани апликации | Вкупни јавни трошоци на контрактиранe апликации | Вкупни јавни трошоци – ИПАРД 2 контрибуција на контрактираните апликации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 1061 | 12.722.322,77 € | 59 | Некомплетни апликации | | | |
| 1 | 2 | 32 | 6.015.214,90 € | | | | | |
| 1 | 3 | 4 | 61.680,69 € | | | | | |
| 1 | 4 | 2 | 4.586,64 € | | | | | |
| **Вкупно** | | 1099 | 18.803.804,99 € | 59 | | 0 | - € | - € |

Во врска со динамиката на склучување на договорите од јавните повици, од јавниот повик 01/2018 Агенцијата започна со склучување на договорите а се планира да се заврши со контрактирање до септември/октомври 2019, додека договорите од јавниот повик 02/2018 за мерката 1 се предвидува да се склучат во октомври/ноември месец 2019 година.

Досега се пристигнати 789 барања за исплата и тоа за мерката  Ивестиции во материјални средства за земјоделски стопанства
Вкупна барана сума 6.328.038,00 € .
Одобрени за исплата се 173 барања во вкупен износ од околу 1.060.000,00 €

Досега се пристигнати 19 барања за исплата и тоа  за мерката  Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи
Вкупна барана сума 2.646.610,00 € .

Одобрени за исплата се 14 барања во вкупен износ од околу 1.105.476,00 €

Пристигнато е и 1  барање за исплата и тоа за мерката  7 Диверзификација на фарми и развој на бизници. Вкупна барана сума 1.992,00 €.
Барањето за исплата е во фаза на обработка.

*Реализирани контроли на терен по доставени барања*
(заклучно со 15.04.2019 година);

Секторот за Контрола на Терен при АФПЗРР од 01.01.2019 заклучно со 15.04.2019 година има извршено вкупно 22 контроли на лице место пред одобрување од јавниот повик 18/01 од ИПАРД 2 2014-2020.. Во прилог табела со извршени контроли по мерки:

| ***Јавен повик 17/01*** | |
|---|---|
| **Мерка** | **Вкупно извршени контроли на лице место - по мерка** |
| **1. Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства** | **22** |
| **Вкупен број на контроли пред одобрување** | **22** |

Секторот за Контрола на Терен при АФПЗРР од 01.01.2019 заклучно со 15.04.2019 има извршено вкупно 351 контроли на лице место пред исплата кај инвестиции од Јавниот повик 17/01 од ИПАРД 2 2014-2020. Во прилог табела со извршени контроли по мерки

| ***Јавен повик 17/01*** | |
|---|---|
| **Мерка** | **Вкупно извршени контроли на лице место - по мерка** |
| **1. Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства** | **346** |
| **3. Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи** | **5** |
| **Вкупен број на контроли пред исплата** | **351** |

Секторот за контрола на терен изврши и 5 контроли на лице место за утврдување на скриени работи кај инвестиции од Мерка 3, јавен повик 17/01

Не се утврдени поголеми проблеми при извршување на контролите на лице место.

Секторот за Контрола на Терен при АФПЗРР од 01.01.2019 заклучно со 15.04.2019 има извршено вкупно 46 контроли на лице место после исплата кај инвестиции од Ипард 1 2007-2013. Во прилог табела со извршени контроли по мерки

| Контроли после исплата (ИПАРД 1 2007-2013) | |
|---|---|
| Мерка | Вкупно извршени контроли на лице место - по мерка |

| | |
|---|---|
| 101 | 42 |
| 103 | 2 |
| 302 | 2 |
| Вкупен број на контроли после исплата | 46 |

Секторот за контрола на терен изврши и 5 контроли на лице место за утврдување на скриени работи кај инвестиции од кои две контроли кај инвестиција од Мерка 1, една кај инвестиција од Мерка 3, и две контроли кај инвестиции од Мерка 7, јавен повик 17/01.

Најчести проблеми при контролите на лице место – со мали или без финансиски импликации врз инвестицијата

Пред одобрување

При извршување контроли на лице место пред одобрување кај инвестиции од јавниот повик 18/01 не се утврдени поголеми проблеми и неусогласености

Пред исплата

Како најчести проблеми при извршување на контролите пред исплата може да се наведат следниве:
- разлики во технички карактеристики на набавената опрема помеѓу договор, фактура и контрола на лице место. Најчеста причина за овие разлики се од технички причини од носно грешки направени при издавање на потребна документација за опремата од страна на добавувачот/производителот.
-отсуство на одредени податоци видно означени на самата опрема (година на производство, земја на потекло, сериски број, модел) а во одредени случаи не постоење на никакви ознаки (опрема и механизација без плочки со технички податоци (најчесто кај механизација и опрема од домашно производство.
- не функционалност на дел или на целата опрема (опрема која при контролата е утврдена дека не е во функционална состојба односно дека е расклопена во делови или не приклучена на електрична енергија или со одреден дефект. Во такви случаи се дава одреден рок истата да се стави во функција и повторно се врши контрола. Сите корисници кај кои беше утврдена ваква состојба опремата ја ставија во функција.
-оштетена механизација/опрема при работа (корисниците доставуваат писмени докази дека е извршен сервис и дека дефектот е отстранет при што опремата/механизацијата се користи без проблеми
- разлики во количини и тип на материјал помеѓу фактура/испратница, градежна документација и контрола на лице место.

Контрола за скриени работи

Согласно процедурите на работа на СКТ за време на реализација на инвестициите особено кога се работи за градежни работи се извршуваат контроли на лице место за време на реализација на одредени активности, т.н. контрола за скриени работи односно за работи кои на крај на инвестиција нема да можат да се констатираат. При овие контроли се контролира градежна документација и се споредува со ситуацијата на лице место. Најчести наоди при овој тип на контроли се
- некомплетна градежна документација за време на контролата - се работи за контроли за време на одредени градежни активности па често одговорните не можат во моментот да обезбедат одредени документи. По даден одреден рок истите се доставуваат на контролорите.

Контрола после исплата

Во 2019 година извршени се 46 контроли после исплата кај инвестиции од ИПАРД 1, реализирани заклучно до 2017 година. При извршување на овие контроли не се утврдени поголеми проблеми. Нема измени на изградените/реконструираните објекти, сите корисници ја чуваат опремата/механизацијата и истата се користи согласно предвидената намена и истата е означена согласно договорот.